Назив на СЗ	**Соработник за техничка документација за градежни работи**
Код на СЗ	0210.40.01
Сектор	ГРАДЕЖНИШТВО И ГЕОДЕЗИЈА
Ниво на сложеност на работни задачи	IV (четврто)
Опис на занимањето	Со стандардот на занимањето соработник за техничка документација за градежни работи се дефинираат потребните знаења, вештини и компетенции за изработка на техничка документација, врз основа на проектна документација. Занимањето соработник за техничка документација за градежни работи овозможува самостојно извршување на разновидни работи и задачи во припрема и предавање на комплетна проектна документација; собирање на понуди согласно предмер-пресметка од проектна документација; планирање и припрема на потребна техничка документација за изведба на градежни работи и планирање на ресурси за изведба на градежни работи (градежна механизација, работна рака и спецификација на градежни материјали).

Број	Функции на занимањето	Задачи на занимањето	Компетенции на занимањето
1.	Планирање и организирање на активности	Планира и организира сопствена работа	1. Планира користење на нормативи и стандарди во градежништвото 2. Планира потребни ресурси за изработка на техничка и проектна документација за градежни работи во градежништвото 3. Обезбедува позиции во градежните работи изразени преку градежни норми 4. Планира користење на норми за видови и технички карактеристики на градежна механизација 5. Планира користење на норми за градежни материјали, нивните својства и примена 6. Планира користење на

Број	Функции на занимањето	Задачи на занимањето	Компетенции на занимањето
			работна рака
2.	Подготовка за работа	Подготвува работно место и ресурси за работа	1. Го подготвува работното место за работа 2. Ја проверува содржината и исправноста на ресурсите за работа
3.	Оперативни активности	Учесвува во изготвување на проектна документација	1. Спроведува стандарди и нормативи за изработка на проектна документација 2. Користи соодветен компјутерски програм за изработка на проектна докумантација
		Учествува во изработка на предмер и пресметка од проектна документација	1. Обезбедува пазарни цени согласно предмер и пресметка од проектна документација 2. Применува стандарди и нормативи на градежни работи 3. Изработува калкулација за вредност на градежните работи
		Планира и подготвува потребна техничка документација за изведба на градежни работи	1. Планира обезбедување на потребни податоци за подготовка на техничка документација за изведба на градежни работи 2. Подготвува техничка документација за изведба на градежни работи 3. Применува стандарди и нормативи за изведба на градежни работи

Број	Функции на занимањето	Задачи на занимањето	Компетенции на занимањето
		Планира ресурси за изведба на градежни работи (градежна механизација, работна рака и градежни материјали)	1. Применува стандарди и нормативи на градежна механизација, работна рака и градежни материјали за изведба на градежни работи 2. Користи техничката и проектната документација за изведба на градежни работи
4.	Комерцијални активности	Изработува техничка документација за исплата на извршените работи	1. Изработува градежни книги со количини по изведени позиции 2. Изработува градежни ситуации и фактури според количините од градежните книги и цените од пресметката 3. Контролира градежна книга на подизведувачи и истат ја оверува 3.Ги контролира количините во градежната книга од подизведувачи
5.	Административни активности	Изработува месечна реализација и пресметка на личен доход на работниците	1. Изработува нормативни работни налози според извршените работи за секој месец, по градежните норми 2. Изработува работни налози за плата според редовноста на работниците
6.	Активности за осигурување на квалитет	Контролира квалитет на градежни материјали	1. Го проверува квалитетот на градежните материјали врз основа на сертификатите 2. Дава барање и најавува точен датум за контрола на квалитет на вграден бетон при бетонирање и за геомеханички испитувања
7.	Одржување и поправка	Одржување на алатот и приборот	1. Води сметка за одржувањето на алатот и средствата за

Број	Функции на занимањето	Задачи на занимањето	Компетенции на занимањето
		за работа	работа и пријавува оштетувања и потреба од нови алати
8.	Комуникација	Комуницира со претпоставените и со работниците	1. Комуницира со раководителите на градилиштето, проектантското биро и секторот за припрема 2. Комуницира со надзорните органи
9	Здравје, безбедност и заштита при работа и заштита на животна средина	Предвидува мерки за здравје, безбедност и заштита при работа и заштита на животна средина	1. Планира користење на личната опрема за здравје, безбедност и заштита при работа за работниците 2. Планира примена на ПП заштита согласно законските прописи 3. Планира користење на еколошки и енергетски ефикасни градежни материјали

Знаење за занимањето / Вештини за занимањето
Знаење за занимањето: - Познава нормативи и стандарди во градежништвото - Познава соодветен компјутерски програм за изработка на проектна документација - Ги опишува карактеристиките на потребните ресурси за техничка и проектна документација - Разликува позиции на градежните работи изразени преку градежни норми - Познава видови и технички карактеристики на градежна механизација - Познава градежни материјали и нивните својства - Познава постапки за формирање на цена и калкулација по позиција на градежни работи - Позанава техничка и проектна документација за изведба на градежни работи според проект - Познава стандарди и нормативи на градежна механизација, работна рака и градежни материјали за изведба на градежни работи - Познава техничка и проектна документација за изведба на градежни

работи
- Познава правила за пополнување на градежни книги според изведени позиции
- Познава градежни ситуации според количините од градежните книги и цените од пресметката
- Познава нормативни работни налози според извршените работи за секој месец според градежните норми
- Познава содржина на работни налози за плата според редовноста на работниците
- Познава правила за определување на квалитет на градежните материјали врз основа на сертификатите
- Познава лична и колективна опрема за здравје, безбедност и заштита при работа и ПП заштита согласно законските прописи
- Познава карактеристики на еколошки и енергетски ефикасни градежни материјали

Вештини за занимањето:

- Применува нормативи и стандарди во градежништвото
- Применува соодветен компјутерски програм за изработка на проектна документација
- Применува потребни ресурси за техничка и проектна документација за градежни работи
- Применува позиции на градежните работи изразени преку градежни норми
- Предвидува обем и количина на градежна механизација според техничките карактеристики
- Предвидува обем и количина на соодветни градежни материјали според нивните својства
- Користи соодветен компјутерски програм за изработка на проектна документација
- Формира калкулирани цени по позиција на градежни работи
- Подготвува техничка документација за изведба на градежни работи според проект
- Применува стандарди и нормативи на градежна механизација, работна рака и градежни материјали за изведба на градежни работи
- Користи техничка и проектна документација за изведба на градежни работи
- Пополнува градежни книги со количини според позиции
- Изработува градежни ситуации според количините од градежните книги и цените од пресметката
- Изработува нормативни работни налози според извршените работи за секој месец според градежните норми

- Изработува работни налози за плата според редовноста на работниците - Врши проверка на квалитетот на градежните материјали врз основа на сертификатите - Врши проверка на примена на личната опрема за здравје, безбедност и заштита при работа и ПП заштита согласно законските прописи - Користи еколошки и енергетски ефикасни градежни материјали	
Клучни компетенции	**Комуникација на мајчин јазик**. Способен е да споделува и протолкува концепти, размислувања, налози, факти, барања и ставови во усна и во писмена форма, да остварува јазична интеракција со раководителите, како и тимот на соработници на соодветен и креативен начин во различни професионални, општествени и културолошки контексти. Способен е да користи различни видови на документација, да пребарува, собира и обработува информации. **Комуникација на странски јазик** При потреба од користење на странски јазик во специфичен општествен и културен контекст поврзан со работата, способен е да разбере, искажува, толкува концепти, размислувања, факти и ставови и во усна и во писмена форма. Со цел компетентно да го следи напредокот во професијата, способен е да го користи странскиот јазик и да го надградува своето знаење и вештина во сферата на стручната терминологија. **Математичко-техничка и научна компетенција** Во решавањето на задачите за време на секојдневната работа, применува нумеричко размислување и знаење во извршување на работите. Користи и работи со техничко-технолошки алатки. Собира податоци потребни за самоунапредувањето во градежништвото. **Дигитална компетенција** Користи соодветна дигитална технологија да обезбеди подобра функционалност во извршување на работите. Користи алатки за подготовка и извршување на работните задачи. **Учење да се учи** Способен е да стекне, обработи и усвои ново знаење и

	вештини заради личен напредок и унапредување на работата. Способен е да управува со сопственото учење, кариерата и работните рутини и е истраен кон автономното учење. **Општествена и граѓанска свесност** Во секојдневното опкружување, способен е да покажува толерантност, да изразува и разбира различни гледишта и да создава доверба во секојдневното опкружување. **Чувство за иницијатива и претприемништво** За подобрување на состојбите и нивно спроведување покажува иницијатива за реализирање на истите. Придонесува кон развој на културата која ги поддржува иницијативите и иновациите во рамките на службата. **Културолошка свест и културно изразување** Го препознава и почитува креативниот израз на идеи, искуства и ги поврзува со самоподобрувањето на членовите на тимот. Ги приближува сопствените креативни ставови со размислувањата на другите членови на тимот, со што ќе се подобри ефикасноста во нивното работење.

Посебни услови	

Законска регулатива, прописи и индустриски стандарди	• Закон за работни односи • Закон за безбедност и здравје при работа • Закон за заштита на животна средина • Закон за заштита на лични податоци • Закон за градба • Стандарди за квалитет на градежни материјали

Донесен од:	Министерство за труд и социјална политика

Датум на одобрување	Решение бр.08-5066/10 од 03.08.2017	**Датум на ревизија**	